Република Северна Македонија

Министерство за финансии

К-4-2019

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## со ревидирани макроекономски проекции за 2020 година


## Резиме

- **Бруто-домашниот производ** во К-4-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година забележа раст од 3,4% на реална основа. Економскиот раст е на широка основа, во услови на позитивни остварувања кај сите дејности;
- **Бројот на вработени** во К-4-2019 е повисок за 4,6% во однос на истиот квартал од 2018 година. **Бројот на невработени** се намали за 13,2%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-4-2019 на 16,6%;
- Просечната **бруто-плата** во К-4-2019 изнесува 38.823 денари и бележи раст од 5,7% како на номинална, така и на реална основа, споредено со бруто-платата во К-4-2018;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2019 се повисоки за 9,4%, а вкупните **буџетски расходи** за 10,3% споредено со истиот квартал од 2018 година;
- **Потрошувачките цени** во К-4-2019, согласно Индексот на трошоци на живот, не се променети во однос на истиот квартал од 2018 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2019 се зголеми за 4,1% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2019 бележи раст од 3,8% на квартална основа;
- Во К-4-2019 е забележан раст на **извозот на стоки** од 0,5% и на **увозот на стоки** од 7,3% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 4,4%;
- **Економската активност** во 2020 година се очекува да забележи пад од 3,4%, додека **стапката на инфлација** е проектирана на -0,2%.

# Содржина:

1. Економска активност........3
2. Пазар на работна сила........5
3. Јавни финансии........6
3.1. Буџетски приходи според економската класификација........6
3.2. Приходи по буџетски корисници........7
3.3. Буџетски расходи според економската класификација........8
3.4. Расходи по буџетски корисници........9
3.5. Буџетски дефицит и државен долг........11
4. Инфлација и монетарни движења........11
5. Надворешен сектор........14
5.1. Надворешнотрговска размена........14
5.2. Платен биланс........16
6. Макроекономски проекции за 2020 година........18
6.1. Меѓународно окружување........18
6.2. Проекција на економската активност во земјата........19
6.3. Проекција на стапката на инфлација........20

# 1. Економска активност

**Бруто-домашниот производ** (БДП) во К-4-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година забележа реален раст од 3,4% (Графикон 1.1.), со што вкупниот раст во 2019 година изнесува 3,6%[1], што е нешто над ревидираната проекција на Министерството за финансии.

**Анализирано по дејности**, економскиот раст во К-4-2019 се должи на позитивните остварувања кај сите дејности освен кај индустријата. На графиконот 1.1. е прикажана структурата на економскиот раст според производниот метод.

Графикон 1.1. Придонес во економскиот раст по сектори *(процентни поени)*




Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС

Поволните движења во **градежниот сектор** продолжија со посилна динамика во К-4-2019, односно е забележан реален раст од 6,7%. Согласно месечните податоци за извршени градежни работи, ваквото остварување се должи на растот на градежната активност во сегментот нискоградба.

Активноста во **услужниот сектор** порасна за 4,6%, што најмногу се должи на зголемената активност во дејноста Трговија, транспорт и угостителство од 8,1%, следена од: Информации и комуникации со раст од 5,7%, Стручни, научни, технички и административни дејности од 4,5%, Уметност, забава, рекреација и останати услуги од 4,1%, Дејности во врска со недвижен имот од 2,9%, Јавна управа, одбрана, образование и здравство од 1,3% и Финансиски и дејности на осигурување од 0,2%.

**Земјоделскиот сектор** во К-4-2019 забележа реален раст од 3,1%, по растот од 0,6% во претходниот квартал.

Активноста во **индустрискиот сектор** е намалена за 3,1%, по силниот раст од 5,6% во претходните три квартали (Графикон 1.2.), со што вкупниот раст во 2019 година изнесува 3,1%.

Графикон 1.2. Индустриски сектор *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Согласно месечните податоци за индустриското производство, во К-4-2019 пад забележаа рударството и снабдувањето со електрична енергија, додека преработувачката индустрија

[1] Државниот завод за статистика истовремено изврши надолна ревизија на реалниот раст на БДП за првиот квартал на 3,8% од 3,9% претходно.

има позитивен придонес врз индустриското производство. Растот во **преработувачката индустрија** е најмногу резултат на зголеменото производство на моторни возила, на фабрикувани метални производи, на прехранбени производи и на хемиски производи. Од друга страна, најголем негативен придонес имаа производството на облека, на кожа и производи од кожа и на пијалаци.

Анализирано според **расходната страна на БДП**, растот на економската активност во К-4-2019 е резултат на растот на домашната побарувачка, при раст на потрошувачката и на бруто-инвестициите, додека нето-извозот имаше негативен придонес врз економскиот раст во услови на пад на извозот и раст на увозот. На графиконот 1.3. е прикажана структурата на економскиот раст според расходниот метод.

Силниот раст на **бруто-инвестициите** продолжи и во К-4-2019, кој изнесува 11,5% на реална основа, што се должи на растот на инвестициите во градежни работи и на инвестициите во машини и опрема во услови на засилен раст на увозот на инвестициски добра. Растот на бруто-инвестициите соодветствува на зголемената реализација на буџетските капитални расходи во овој квартал.

Потрошувачката забележа реален раст од 3,3%, како резултат на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. **Приватната потрошувачка** порасна за 2,4%, што во најголем дел се должи на порастот на доходот на домаќинствата, во услови на засилен реален раст на платите и зголемување на вработеноста во економијата, поддржана и од солидното кредитирање на домаќинствата. **Јавната потрошувачка** забележа раст од 7,1%, како резултат на зголемените расходи за плати и надоместоци при зголемување на платите во јавниот сектор, како и на повисоките буџетски расходи за стоки и услуги.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Извозот** на стоки и услуги е намален за 1,6% на реална основа, по силниот раст од 12,2% во претходните три квартали. Падот на извозот е главно одраз на намалениот извоз на хемиски материи и производи и на облека, но и на извозот на електрична енергија. **Увозот** на стоки и услуги забележа реален раст од 2,8%, придвижен од интензивирањето на увозот на капитални производи при раст на инвестициите, додека динамиката на увозот на интермедијарни производи забави во услови на намалена извозна активност во овој квартал.

## 2. Пазар на работна сила

Во К-4-2019 е забележано продолжување на позитивните движења на пазарот на работна сила, така што според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е повисок за 4,6%, односно за 35,6 илјади лица во однос на истиот квартал од 2018 година, а најголем раст на вработеноста има во услужниот сектор (41,8 илјади или 10,3%), по што следува индустријата (8,6 илјади или 4,6%). Намалување на вработеноста е забележано во градежништвото (6,5 илјади или 11,2%) и во земјоделскиот сектор (9,8 илјади или 8,6%).

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста има кај вработените лица (приматели на плата) од 48,7 илјади или 8,1% и кај работодавците од 2,2 илјади или 7,2%, додека пад бележат бројот на вработени за сопствена сметка од 11,4 илјади или 11,5% и бројот на семејните работници од 3,9 илјади или 9,2%. **Стапката на вработеност** во К-4-2019 изнесува 47,9% и во однос на истиот квартал од 2018 година е повисока за 2,0 п.п..

Растот на вработеноста е придружен со пад на **бројот на невработени**, којшто е намален за 24,6 илјади лица, односно за 13,2% во однос на истиот квартал од 2018 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-4-2019 да се намали на 16,6%, односно за 2,8 п.п. во споредба со истиот квартал од 2018 година, а во однос на претходниот квартал е пониска за 0,5 п.п. (Графикон 2.1).

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-4 2018 година е намалена кај сите групи, а намалувањето е најзначително кај старосната група на возраст од 50 до 64 години и изнесува 23,2%, а значително намалување од 18,4% бележи и старосната група на возраст од 15 до 24 години. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 3,4 п.п. кај машкото население и изнесува 16,4%, што е за 0,6 п.п. помалку од невработеноста кај жените којашто е намалена за 1,7 п.п. и изнесува 17,0%.

**Бројот на активно население** е зголемен за 11,0 илјади лица, односно за 1,1% на годишна основа. Активното население во К-4-2019 сочинува 57,5% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,6 п.п. во споредба со истиот квартал од 2018 година.

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2019 изнесува 26.115 денари и е повисока за 4,3% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2018 година, додека на реална основа нето-платата

бележи зголемување од 4,2%. Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2019 изнесува 38.823 денари и бележи раст од 5,7% како на номинална така и на реална основа (Графикон 2.2).

**Продуктивноста на трудот** во К-4-2019 е намалена за 1,1%, што е последица на повисокиот раст на вработеноста од растот на производството.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

## 3. Јавни финансии

### 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2019 учествуваат со 30,3% во кварталниот БДП и се повисоки за 9,4% споредено со истиот квартал од 2018 година, што се должи на повисоката реализација на социјалните придонеси за 10,6% и на неданочните приходи за 77,0%, додека даночните приходи се намалија за 0,9%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана пониска наплата кај данокот на добивка и кај персоналниот данок на доход, додека данокот на додадена вредност, акцизите, приходите од царински давачки и приходите од други даноци забележаа зголемување.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2019 е зголемена за 3,7%, а кај директните даноци е забележано намалување од 13,8% во однос на К-4-2018. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци го намалија своето учество во БДП за 1,0 п.п., односно од 5,2% од кварталниот БДП во К-4-2018 на 4,2% во К-4-2019, додека учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2019 изнесува 11,3% и е пониско за 0,2 п.п. во однос на К-4-2018.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 46,1% од вкупните даночни приходи во К-4-2019, и се повисоки за 1,6% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

2018 година, приходите од акцизи се повисоки за 8,4%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано намалување од 8,6%, а кај приходите од данокот на добивка намалување од 23,4% во однос на истиот квартал претходната година, што се должи на намалената наплата по основ на месечни аконтации и даночни биланси.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 10,6%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 11,2%, кај придонесите за здравствено осигурување од 9,5% и кај придонесите за вработување од 8,3%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 3,1% од кварталниот БДП, во К-4-2019 беа реализирани за 77,0% повеќе во однос на истиот квартал од 2018 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-4-2019 беа повеќе од двојно повисоки на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** забележаа зголемување за 33,6%.

## 3.2. Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку **Министерството за финансии – функции на државата**[2] и во К-4-2019 изнесуваат 46.546 милиони денари, односно 92,9% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 29,1% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи, кои претставуваат 65,8% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, така што нивната наплата во К-4-2019 изнесуваше 25,8% од годишниот план. Средствата по основ на задолжување во странство изнесуваат 7.670 милиони денари, што претставува 16,5% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

**Министерството за образование и наука**, кое оствари приходи во износ од 937 милиони денари, односно 1,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, а најголем дел од нив претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Министерството за транспорт и врски** оствари приходи кои изнесуваат 603 милиони денари, што претставува 1,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,1% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

Во однос на **буџетските фондови**, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кои во К-4-2019 изнесуваат 20.714 милиони денари и претставуваат 28,2% од годишниот план на Фондот.

## 3.3. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2019, со учество од 33,2% во кварталниот БДП, забележаа повисока реализација за 10,3% споредено со истиот квартал од 2018 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 28,3% од кварталниот БДП, имаат учество од 85,1% во вкупните расходи и беа реализирани за 4,2% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа раст од 14,2%, а расходите за плати и надоместоци од 7,8% во однос на истиот квартал од 2018 година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 62,7% во вкупните расходи, беа реализирани за 2,9% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 7,9% и учествуваа со 44,7% во вкупните расходи. Расходите за пензии, кои сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 3,1% и забележаа учество од 26,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 16,6% и истите забележаа намалување од 9,5% споредено со четвртиот квартал од 2018 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 7,1%, а субвенциите и трансферите се намалени за 20,5%.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 8,5% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 18,1%, а каматните расходи по надворешниот долг се зголемени за 0,6%.

**Капиталните расходи**, кои претставуваат 4,9% од кварталниот БДП, се реализирани за 66,8% повеќе

споредено со истиот квартал од 2018 година и остварија учество од 14,9% во вкупните расходи.

## 3.4. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници[3], чиј вкупен годишен буџет претставува околу 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-4-2019 реализираше 11.330 милиони денари или 25,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (65,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.458 милиони денари или 24,5% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 23,1% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 27,3% (2.614 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во четвртиот квартал од 2019 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[4] реализирани се 8.700 милиони денари, што претставува 27,4% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 67,0% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 5.827 милиони денари, односно 36,1% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 18,0% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.564 милиони денари или 19,0% од планираното.

**Министерството за образование и наука** во К-4-2019 изврши буџетски средства во износ од 6.858 милион денари, што е 26,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (56,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.890 милиони денари или 26,9% од вкупно планираните средства. Стоки и услуги се втора најзначајна ставка со

[3] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и одливите на средства.

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

учество од 17,4%, за што се потрошени 1.196 милиони денари, односно 28,9% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во четвртиот квартал од 2019 година, од страна на **Министерството за внатрешни работи** реализирани се вкупно 2.808 милиони денари, што претставува 25,1% од сопственото буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 69,6%, за што се потрошени 1.955 милиони денари или 25,0% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,7%, за што се реализирани 442 милиона денари или 21,2% од годишниот план.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2019 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Министерството за одбрана** во К-4-2019 изврши буџетски средства во износ од 2.505 милиони денари, што е 31,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 40,2%, за што се реализирани 1.008 милиони денари, што претставува 25,8% од вкупно предвидените средства за тековната година. Капиталните расходи учествуваат со 34,3% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 859 милиони денари, односно 58,8% од вкупно предвидените.

**Министерството за здравство** во четвртиот квартал од 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 1.965 милиони денари, што е 31,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 48,8%, за што се потрошени 959 милиони денари или 31,4% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 42,9% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 843 милиони денари, односно 33,3% од вкупно предвидените.

**Владата на Република Северна Македонија** во четвртиот квартал од 2019 година реализираше средства во износ од 4.261 милион денари, што е 65,3% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи во вкупниот буџет на овој корисник имаат доминантно учество од 65,2% и за оваа намена извршени се средства во износ од 2.778 милиони денари, односно 96,0% од планираното.

Во К-4-2019, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** реализираше средства во износ од 1.790 милиони денари, што претставува 21,5% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 78,3% во вкупните

расходи, реализирани се 1.401 милион денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*[http://finance.gov.mk/mk/node/692](http://finance.gov.mk/mk/node/692)*).

## 3.5. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2019 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 5.489 милиони денари или 2,9% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 8.186 милиони денари, односно 4,4% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2019 изнесува 40,2% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 1,0 п.п. во однос на К-3-2019. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2019 е зголемено за 0,5 п.п. и изнесува 60,6%.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

Учеството на внатрешниот долг е соодветно намалено за 0,5 п.п. и изнесува 39,4% од вкупниот државен долг.

# 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2019 изнесува 0,0% на годишна основа, и е намалена за 0,6 п.п. во споредба со К-3-2019.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Раст на потрошувачките цени во К-4-2019 бележат категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1%, Здравје од 1,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина, и Храна и безалкохолни пијалаци од по 1,0%, и Рекреација и култура од 0,2%. Пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 4,4%, Облека и обувки од 2,8%, Комуникации од 1,9%, Образование од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%. Цените останаа непроменети во категориите Ресторани и хотели и Останати стоки и услуги.

Во четвртиот квартал[5] од 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 2,25%, откако во првиот квартал ја намали за 0,25 п.п. како резултат на континуираните поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во декември 2019 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[6] во К-4-2019 забележаа раст на квартална основа од 0,7% (во претходниот квартал е забележан раст од 27,8%), во услови на намалена вкупна ликвидност на банките за 3,1% и зголемување на готовите пари во оптек за 5,4%. Во однос на К-4-2018, примарните пари се зголемија за 10,8% (во К-3-2019 е забележан раст од 38,1%), како последица на зголемената вкупна ликвидност на банките од 12,7% и растот на готовите пари во оптек од 8,8%.

Во К-4-2019, најтесната парична маса М1[7] забележа зголемување од 8,5% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 4,7%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 3,8%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[8] на банките во К-4-2019 се зголеми за 4,1% на квартална основа, по растот од 2,1% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 7,6%, додека депозитите на домаќинствата за 3,9%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 5,8%, а девизните депозити забележаа раст од 1,5%. Степенот на евроизација е намален за 1,0 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 38,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2019 се намали за 0,8 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 26,9% (во К-3-2019 изнесуваше 27,7%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 1,1%.

**Кредитната активност** на банките во К-4-2019 забележа квартално зголемување од 3,8% (во претходниот квартал забележа пад од 0,5%), во услови

[5] Податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

[6] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[8] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

на пораст на кредитите кон претпријатијата за 4,8%, додека кредитите кон домаќинствата пораснаа за 2,7%. Од валутен аспект, девизните кредити во К-4-2019 споредено со претходниот квартал се зголемија за 4,3%, додека денарските кредити забележаа раст од 3,4%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2019 во однос на претходниот квартал бележат раст од 4,2%, а краткорочните кредити се зголемија за 3,6%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Каматната стапка**[9] на денарските кредити во К-4-2019 изнесува 5,44% и е намалена за 0,14 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2019 изнесува 4,49% и е намалена за 0,09 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2019 изнесува 1,73% и забележа пад од 0,14 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,75% и е намалена за 0,04 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматната

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2019 изнесува 3,9%, а на новоодобрените девизни кредити 1,2%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,2% и 1,1% соодветно.

[9] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска **размена** со странство во К-4-2019 изнесува 3.948,4 милиони евра и бележи раст од 4,4% во однос на истиот квартал од 2018 година.

**Извозот на стоки** во К-4-2019 изнесува 1.637,4 милиони евра и во однос на К-4-2018 бележи раст од 0,5%, колку што изнесува растот споредено и со претходниот квартал.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-4-2019 во однос на истиот квартал од 2018 година се забележува кај следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 5,1% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: индустриски машини и делови за 14,3 милиони евра или 7,0%; друмски возила за 11,7 милиони евра или 15,8%);
- производи за храна за 8,4% (овошје и зеленчук за 7,0 милиони евра или 18,8%);
- пијалаци и тутун за 12,4% (тутун и производи од тутун за 4,7 милиони евра или 16,2%);
- суровини освен гориво за 5,6% (сирово ѓубриво и минерали, освен јаглен, нафта, скапоцени камења за 3,8 милиони евра или 22,8%) и
- животински и растителни масла за 35,1% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,9 милиони евра или 33,3%).

Негативно придвижување кај извозот се забележува кај секторите:

- хемиски производи за 6,6% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 29,4 милиони евра или 8,0%);
- разни готови производи за 1,8% (облека за 12,3 милиони евра или 10,6%) и
- производи класирани според материјалот за 2,9% (изработки од неметални минерали за 6,2 милиона евра или 29,5%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2019 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 25,7 милиони евра или 9,2%;

- храна и пијалаци од 11,0 милиони евра или 10,5%;
- транспортна опрема за 4,0 милиони евра или 1,7% и
- горива и мазива за 0,7 милиони евра или 2,5%.

Намалување на извозот е забележано кај следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 18,1 милион евра или 2,4% и
- стоки за широка потрошувачка за 15,7 милиони евра или 7,6%.

**Увозот на стоки** во К-4-2019 изнесува 2.311,0 милиони евра и е зголемен за 7,3% во однос на К-4-2018, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 11,9%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-4-2019 во однос на К-4-2018 се забележува кај сите сектори и тоа:

- производи класирани по материјалот за 4,2% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 38,7 милиони евра или 12,8%);
- суровини освен гориво за 60,0% (метална руда и отпадоци од метал за 35,9 милиони евра или 103,2%);
- машини и транспортни уреди за 7,8% (индустриски машини и делови за 13,0 милиони евра или 22,7%; друмски возила за 8,4 милиони евра или 8,5%; машини специјализирани за одредени индустрии за 8,2 милиона евра или 21,5%;);
- минерални горива и мазива за 10,0% (нафта и производи од нафта за 16,6 милиони евра или 11,7%);
- хемиски производи за 2,1% (неоргански хемиски производи за 13,6 милиони евра или за 51,4%; пластични материи во примарни форми за 2,3 милиони евра или за 10,3%);
- производи за храна за 6,2% (месо и преработки од месо за 6,0 милиони евра или 17,0%; овошје и зеленчук за 2,1 милион евра или 7,6%);
- разни готови производи за 7,0% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 3,1 милион евра или 16,2%; професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 2,7 милиони евра или 14,5%);
- животински и растителни масла за 16,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,5 милиони евра или 13,7%) и
- пијалаци и тутун за 0,2% (пијалаци за 1,2 милиона евра или 11,3%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2019 раст на увоз е забележан кај следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 77,5 милиони евра или 7,0%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 35,3 милиони евра или 12,0%;
- горива и мазива за 20,8 милиони евра или 10,3%;

- храна и пијалаци за 12,9 милиони евра или 6,7% и
- транспортна опрема за 11,5 милиони евра или 8,9%.

Намалување на увозот е забележано само кај стоките за широка потрошувачка за 2,2 милиона евра или 1,0%.

Надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија со Европската Унија (ЕУ 28) во К-4-2019 е зголемена за 1,7% во однос на К-4-2018, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 68,1% и е намалено за 1,8 п.п. споредено со четвртиот квартал од 2018 година. Притоа, во К-4-2019 извозот на стоки учествува со 79,6%, а увозот на стоки со 59,9%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2019




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-4-2019 на **текoвната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 286,9 милиони евра, што претставува 9,4% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 3,6% од БДП забележан во истиот квартал од 2018 година.

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2019 е зголемен за 182,2 милиона евра, односно за повеќе од 2 пати, што се должи на продлабочувањето на дефицитот на сметката на стоки за 29,6%, зголемувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 6,2%,

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

како и на намалувањето на позитивното салдо на сметката на секундарен доход за 9,3%. Спротивно влијание имаше намалувањето на дефицитот на сметката на услуги за 28,5%.

Во К-4-2019, **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 140,1 милион евра, додека во процент од кварталниот БДП е проширен за 3,7 п.п. на годишна основа, односно изнесува 20,1%.

Графикон 5.4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Дефицитот на **сметката на услуги** во К-4-2019 изнесува 33,0 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2018 година е намален за 13,1 милион евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2019 изнесува 138,0% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2018 е намалена за 3,9 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2019 забележа дефицит од 114,6 милиони евра и истиот е зголемен за 6,7 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2019 изнесува 474,4 милиони евра и на годишно ниво е намален за 48,6 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на официјалните трансфери за 58,0 милиони евра кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 5,9%. Приватните трансфери се зголемени за 9,4 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 94,1%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-4-2019 изнесува 1,9 милиони евра, наспроти суфицитот од 7,7 милиони евра остварен во К-4-2018. Влошувањето на салдото на капиталната сметка е резултат на одливот на непроизведени нефинансиски средства, како и на намалувањето на приливот на капиталните трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2019 изнесуваат 193,7 милиони евра и во однос на К-4-2018 година се намалени за 114,4 милиони евра. Намалувањето се должи на намалениот прилив по основ на сопственички капитал, како и на одливот по основ на реинвестирање на добивката.

Графикон 5.5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-4-2019 изнесуваат 36,3 милиони евра и во однос

на истиот квартал од 2018 година се зголемени за 24,4 милиони евра. **Останатите инвестиции** во К-4-2019 се негативни и изнесуваат 270,3 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции негативно салдо бележат следните сметки: валути и депозити (28,7 милиони евра), заеми (129,8 милиони евра) и трговски кредити и аванси (164,4 милиони евра).

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2019 година изнесуваат 3,3 милијарди евра и во однос на К-4-2018 се зголемени за 13,8%. Девизните резерви на крајот на К-4-2019 обезбедуваат 4,6-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.

# 6. Макроекономски проекции за 2020 година

## 6.1. Меѓународно окружување

Светот се соочува со една од најголемите економски кризи, која е значително поголема од глобалната финансиска криза пред една декада. На глобално ниво постои голема неизвесност поврзана со времетраењето и интензитетот на овој неекономски шок, и, соодветно, импликациите врз глобалната економија.

Согласно основното сценарио на ММФ, во 2020 година **глобалната економска активност** се очекува да забележи пад од 3% (што претставува надолна корекција од 6,3 процентни поени во однос на јануарските проекции), под претпоставка врвот на пандемијата и, соодветно, на владините мерки на земјите за спречување на ширењето на коронавирусот да се во вториот квартал, по што се очекува подобрување на ситуацијата.

Согласно ваквата претпоставка, економската активност во САД е предвидено да забележи пад од 5,9%, во ЕУ од 7,1%, во чии рамки **германската економија** би имала пад од 7%, додека растот во Кина се очекува да остане во позитивната зона (1,2%). Оттука, последиците врз глобалната размена на стоки и услуги ќе бидат значајни, односно предвиден е пад од 11% на реална основа.

**Стапката на инфлација за еврозоната** е проектирана на 0,2% за оваа година, што претставува надолно прилагодување од 1,2 процентни поена во однос на јануарската проекција. Во однос на примарните производи, во 2020 година **цената на нафтата** на светските берзи се очекува да се намали во просек за 42%. Општ пад на цените се предвидува и кај останатите примарни производи (1,1%).

## 6.2. Проекција на економската активност во земјата

Согледувањата за значајно влошување на меѓународното економско окружување упатуваат на значителен пад на надворешната побарувачка на земјата во 2020 година.

Ваквата претпоставка соодветствува со шок на страната на понудата, односно посериозен прекин на глобалниот синџир на снабдување, главно во вториот квартал, што ќе се прелее врз домашната економија преку намалување на извозната побарувачка на производите од односните индустриски гранки, но и на услугите поврзани со активноста на преработувачката дејност. Оттука, **извозот на стоки и услуги** се очекува да забележи пад од 16,8% на реална основа.

Друга појава се економските импликации врз домашната економија од спроведувањето на мерките за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата, кои ќе се одразат врз услужниот сектор, пред сè врз транспортот, угостителството, туризмот, дејноста „уметност, забава и рекреација“, прометот на трајни добра, но и врз дел од индустриските капацитети и градежната дејност, особено во вториот квартал.

Ваквата појава ќе влијае врз пазарот на работната сила и соодветно врз расположливиот доход на домаќинствата и нивната потрошувачка и инвестиции, како и врз инвестициската активност на деловните субјекти, што соодветствува со шок на страната на побарувачката. Предвидениот пад на приватните трансфери од странство и на странските директни инвестиции влијае врз дополнително надолно прилагодување на потрошувачката и инвестициите. Притоа, фискалните антикризни мерки се очекува да влијаат на ублажување на последиците врз пазарот на работната сила и севкупно на доходот на домаќинствата, а со тоа и врз нивната потрошувачка. Како резултат на ова, **приватната потрошувачка** е предвидено да забележи пад од 3,3%, а **бруто-инвестициите** да се намалат за 9,6% на реална основа.

Графикон 6.1. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Пресметки и проекции (*) на МФ

**Јавната потрошувачка** се очекува да има позитивен придонес врз економскиот раст, главно како резултат на зголемените расходи (стоки, услуги и плати) за здравствениот сектор, односно се предвидува да забележи реален раст од 2,7%.

Увозната побарувачка, во услови на очекуван пад на извозната активност, на инвестициите во капитални/трајни

добра, како од страна на деловните субјекти така и од домаќинствата, се предвидува да се намали, со што **увозот на стоки и услуги** е проектирано да забележи пад од 15,8% на реална основа. Оттука, нето-извозната побарувачка, во услови на поголемо апсолутно намалување на увозот од извозот на стоки и услуги, делумно го неутрализира негативниот придонес на домашната побарувачка врз економската активност.

Согласно ваквите предвидувања, **економската активност** се очекува да забележи пад од 3,4% во 2020 година. Ефектите од кризата предизвикана од коронавирусот врз економијата, согласно основното сценарио, се очекува да бидат најголеми во вториот квартал од годината. Во третиот квартал се предвидува забавување на контракцијата на економската активност, додека во четвртиот квартал се очекува постепено закрепнување на економската активност.

Овие проекции се проследени со значајни **ризици**, зависно од долготрајноста на оваа криза, од интензитетот на ефектите врз економијата како и од резултатите од фискалните мерки за нејзино ублажување. Имено, доколку пандемијата се провлече во втората половина на оваа година, тоа ќе резултира со задржување на ограничувачките мерки поврзани со коронавирусот, како и понатамошни негативни ефекти предизвикани од меѓународното окружување и глобалните синџири на снабдување и, оттука, посилен пад на извозната активност, потрошувачката и инвестициите во земјата, и соодветно на севкупната економска активност.

## 6.3. Проекција на стапката на инфлација

Стапката на инфлација во земјата во првиот квартал од 2020 година изнесува 0,6%, што упатува на одредено надолно отстапување во однос на проектираната инфлација.

Проекцијата за странската ефективна инфлација во 2020 година е ревидирана во надолна насока. Истовремено, ценовните движења на светските берзи, т.е. увезените цени се очекува да предизвикаат надолен притисок врз домашните цени.

Имајќи го ова предвид, како и очекуваниот негативен производен јаз, **стапката на инфлација** во земјата за 2020 година е проектирана на -0,2%.